Кофинансиран од Европската Унија

ЕВРОПСКА УНИЈА

COUNCIL OF EUROPE

CONSEIL DE L'EUROPE

Кофинансиран и имплементиран од Советот на Европа



# ЛЕГИСЛАТИВНА ПРОЦЕНКА НА ПРИСТАПОТ ДО (БЕСПЛАТНА) ПРАВНА ПОМОШ НА ЖРТВИТЕ НА ТРГОВИЈА СО ЛУЃЕ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Автори: Бојана Божиновска Силјановска, Зоран Дранговски, Ирена Здравкова

мај 2024, Скопје

Истражувањето е дел од  проектот: „Зајакнување на активностите против трговија со луѓе во Северна Македонија” кој се имплементира во рамки на заедничката програма на Европската Унија и Советот на Европа „Хоризонтален Инструмент за Западен Балкан и Турција“ со времетраење од јануари 2023 до декември 2026 година.

Ова истражување е изработено со финансиска поддршка на Европската унија и на Советот на Европа. Неговата содржина е единствена одговорност на авторите. Изразените ставови во никој случај не може да се сметаат дека го одразуваат официјалното мислење на Европската унија или на Советот на Европа.

Дозволена е репродукција на извадоци (до 500 збора), освен за комерцијални цели сè додека интегритетот на текстот е сочуван, извадокот не се користи вон контекст, не се даваат нецелосни информации или генерално не се наведува читателот во погрешен правец во однос на природата, опсегот или содржината на текстот. Секогаш мора да се наведе изворниот текст на следниов начин, „© Совет на Европа, година на издавање“. Сите други барања во врска со репродукцијата/преводот на целиот или делови од документот, треба да се достават до Директоратот за комуникација, Совет на Европа (F-67075 Strasbourg Cedex или publishing@coe.int).

Целата друга кореспонденција во врска со оваа публикација треба да се упати на Директоратот II , Avenue de l’Europe F-67075 Strasbourg Cedex, France, Tel. +33 (0)3 88 41 20 00, E-mail: Horizontal.Facility@coe.int

Фотографија на корицата: Shutterstock

© Совет на Европа, мај 2024 година. Сите права се задржани. Правата на користење ги има Европската Унија под одредени услови.

# Содржина

ЛЕГИСЛАТИВНА ПРОЦЕНКА НА ПРИСТАПОТ ДО (БЕСПЛАТНА) ПРАВНА ПОМОШ НА ЖРТВИТЕ НА ТРГОВИЈА СО ЛУЃЕ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ........ 1

ЛИСТА НА КРАТЕНКИ........ 4

**ИЗВРШНО РЕЗИМЕ** ........ 5

**ВОВЕД**........ 6

МЕТОДОЛОЛОШКИ ПРИСТАП ........ 6

АНАЛИЗА НА ПРОБЛЕМОТ ........ 7

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА ЗА ПРАВНА ПОМОШ НА ЖРТВИТЕ НА ТРГОВИЈА СО ЛУЃЕ** ........ 8

**АНАЛИЗА НА ЗАКОНСКИТЕ РЕШЕНИЈА ВО ПОГЛЕД НА ПРАВОТО НА ПРАВНА ПОМОШ ЗА ЖРТВИТЕ НА ТРГОВИЈА СО ЛУЃЕ**........ 13

**КОМПАРАТИВНА АНАЛИЗА НА СИСТЕМИТЕ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА БЕСПЛАТНА ПРАВНА ПОМОШ** ........ 25

**ЗАКЛУЧОЦИ** ........ 29

Препораки........ 30

Библиографија ........ 33

## ЛИСТА НА КРАТЕНКИ

БПП – Бесплатна правна помош

ЕТЛКМ – Единица за борба против трговија со луѓе и криумчарење мигранти

ЖТЛ – Жртва на трговија со луѓе

ЗБПП – Закон за бесплатна правна помош

ЗПД – Закон за правда на децата

ЗКП – Закон за кривичната постапка

МВР – Министерство за внатрешни работи

МЗМП – Македонско здружение на млади правници

МП – Министерство за правда

МТСП – Министерство за труд и социјална политика

НВО - Невладина организација

НЕСКМТЛ – Национална единица за сузбивање на криумчарење мигранти и трговија со луѓе

НМУ – Национален механизам за упатување

ОЈО - Основно јавно обвинителство

ОЈОГОКК – Основно јавно обвинителство за гонење организиран криминал и корупција

Центар - Центар за жртви на трговија со луѓе

ЦСР – Центар за социјална работа

## ИЗВРШНО РЕЗИМЕ

Правото на правна помош е од особено значење за жртвата на трговија со луѓе (ЖТЛ), која е потребно уште на самиот почеток да биде информирана за своите права, за да може активно да се вклучи во кривичната постапка. Може да кажеме дека жртвата го ужива правото на правна помош само доколку истото може ефективно да го оствари во пракса.

Во Република Северна Македонија правното советување за жртвата е достапно во пракса преку **примарната бесплатна правна помош**. Правната помош за жртвата **во кривичната постапка** е предвидена во националното законодавство и нема пречка во остварување на ова право кога самите жртви си обезбедуваат адвокат во постапката. Системот на обезбедување правна помош на жртвите на товар на буџетот на државата во кривичната постапка се уште не е целосно функционален. Недостигаат јасни одредби за подобар пристап на жртвите, особено децата, до бесплатната правна помош. Според тоа, се уште не може да се каже дека е воспоставен ефективен пристап за жртвите до бесплатната правна помош.

Кога веќе станува збор за формално идентификувана ЖТЛ, за истата мора да се определи адвокат кој ќе ја застапува пред и за време на давање на исказ, како и за предјавување на имотно-правно побарување. Останува предизвик, јасно утврдување на ситуациите кога правната помош би била бесплатна за жртвите, постапката на определување на адвокатот и покривање на трошоците. Во однос на правото на бесплатна правна помош, не е јасно дали тоа ќе и следува на жртвата со самото тоа што е идентификувана како жртва или повторно ќе се спроведува проценка на примањата на семејството на жртвата. За сите овие прашања, потребно е првично да се разјасни правната дилема дали бесплатниот адвокат на ЖТЛ треба да се назначува согласно одредбите во ЗКП, Законот за правда за децата или согласно Законот за бесплатна правна помош.

Позитивна пракса е тоа што во итна постапка се одобрени три барања за бесплатна правна помош (БПП) и назначен е адвокат за жртви на трговија со луѓе од страна на Министерството за правда. Со тоа, ова право во Законот за бесплатна правна помош за ЖТЛ за прв пат стана остварливо во пракса. Министерството за правда постапило согласно последните препораки на ГРЕТА, односно покажа дека одделот на Министерството за правда одговорен за бесплатна правна помош е сензибилизиран за важноста на правната помош за ЖТЛ и презема чекори да ги информира за соодветните процедури и да им овозможи пристап до правна помош[1].

Сепак, за да се воспостави пракса согласно националното законодавство, доколку станува збор за кривичната постапка, адвокатот треба да се постави согласно ЗКП. За дете жртва, за постапките што се водат со Центарот за социјална работа (ЦСР) и со Министерството за внатешни работи (МВР), постапката треба да се спроведува согласно Законот за правда за децата. И покрај тоа што е донесен нов Закон за правда за децата[2], повторно недостигаат јасни одредби кои ќе го подобрат пристапот на ЖТЛ деца до бесплатната правна помош во пракса, во сите фази на постапката како и донесување на подзаконски акт кој би ги доуредил овие прашања.

Во Република Северна Македонија, не постои посебен регистар на адвокати за работа со ранливи категории на лица или поконкретно со жртви на кривични дела и трговија со луѓе, ниту има решение

[1] Трет извештај за евалуација на ГРЕТА за Република Северна Македонија, повеќе на: https://rm.coe.int/greta-evaluation-report-on-north-macedonia-third-evaluation-round/1680aaa573

[2] Закон за правда за децата, Службен весник бр. 66/2024

за начинот на кој ќе се назначуваат адвокатите кои би ги застапувале жртвите. Од достапните информации може да се увиди дека само дел од жртвите на трговија со луѓе имале пристап до правна помош, и истата не е обезбедена во сите инстанци од постапките. Од 2018 до 2023 година 10 (од вкупно 35) деца жртви на трговија со луѓе биле застапувани од адвокат на товар на буџетот на државата во постапките пред Основниот кривичен суд. Правната помош во кривичната постапка речиси секогаш била покриена од здруженијата на граѓани кои работат на темата.

Од извештаите на ГРЕТА може да се забележи дека повеќето земји во Европа се соочуваат со предизвици за воспоставување на целосно функционален систем за обезбедување на правна помош за жртвите, финансирана од страна на државата. Меѓутоа постојат добри пракси кој се обработени понатаму и кои треба да се земат во предвид за унапредување на системот во Северна Македонија.

## ВОВЕД

Жртвите на трговија со луѓе доживуваат сериозна траума и често немаат средства или знаење за самите да си ги овозможат достапните услуги за поддршка и пристап до правда. Пристапот до правна помош им овозможува да ги добијат своите права и да пристапат до правни лекови, вклучително и надоместок за штетата и неправдата што ја претрпеле. Достапноста на информациите до жртвите на трговија со луѓе е од особено значење во целиот процес и затоа е важно секоја жртва да биде навремено информирана за нејзините права. Бесплатната правна помош пак игра важна улога во давање надеж на жртвите на трговија со луѓе дека можат да се вклучат во постапката, а притоа да немаат никакви трошоци во постапката.

**Главна цел на оваа анализа е да даде легислативна проценка за правото на правна помош на жртвите на трговија со луѓе, условите и постапката за добивање на бесплатна правна помош и конкретни препораки во однос на потребни промени во законите или примената на истите.**

Текстот ја анализира домашната правна рамка во поглед на правната помош на ЖТЛ и се состои од четири дела. *Првиот дел* е извршно резиме, воведен дел и содржи методологија на анализата и анализа на проблемот. *Вториот дел* се осврнува на институциите кои се вклучени во обезбедување за правна помош на ЖТЛ и дава нумерички приказ на состојбата на правната помош на жртвите на трговија со луѓе низ квантитативна анализа. *Третиот дел* содржи детален опис на праксата за правна помош и условите кога таа е бесплатна за ЖТЛ и компаративна анализа со други системски решенија за правна помош на жртви на трговија со луѓе. *Четвртиот дел* се конкретни препораки за подобрување на системот на правна помош и потребни легислативни промени.

### МЕТОДОЛОЛОШКИ ПРИСТАП

Истражувањето за изготвување на оваа анализа е спроведено во периодот јануари-април 2024 година. Анализата користи компаративен и дескриптивен метод за презентирање на податоците, како и статистички приказ. Како извор за податоци беа користени повеќе релевантни извештаи на темата од институции, граѓански организации и меѓународни институции, закони и коментари на закони, информации прибавени со слободен пристап до информации од јавен карактер и од неформални интервјуа со претставници на институциите.

## АНАЛИЗА НА ПРОБЛЕМОТ

Правната помош за жртвата игра клучна улога во промовирањето на пристапот до правдата. Бесплатната правна помош пак ги охрабрува жртвите, особено оние кои немаат финансиски сретства да се вклучат во кривичната постапка против сторителите.

Овие права се регулирани во три закони во националното законодавство. Преку анализа на одредбите од овие закони ќе се утврди кои се тие одредби кои ги регулираат овие прашања и колку овие права се достапни за жртвите во пракса.

**Законот за кривичната постапка[3] (ЗКП)** во себе содржи одредби за советник за жртвите на товар на буџетот на државата. Во 2018 година, беше изготвен новиот Закон за кривична постапка кој содржи одредби за зајакнување на заштитата на жртвите и подобрување на нивниот пристап до бесплатна правна помош, но истиот се уште не е донесен.

Во март 2024 година, стапи на сила новиот **Закон за правда на децата[4]** и истиот содржи одредби во однос на назначување на адвокат за деца во ризик, кој може да бидат и жртви на насилство. Стариот закон за правда за децата[5] исто содржеше одредби за правна помош за деца жртви.

**Законот за бесплатната правна помош**[6] ги опфаќа и жртвите на трговија со луѓе, кои се наведени во преодните и завршни одредби, за да истите не останат без заштита. Важечкиот Закон за бесплатна правна помош од 2019 година, упатува на член 8 од претходниот Закон за бесплатна правна помош од 2009 година[7] кој е вон сила. Ваквото решение со решавање на бесплатната правна помош во преодни и завршни одредби, не е јасно и долгорочно решение. Иако постоеше различно толкување на овој член од страна на Министерството за правда, во 2023 година и почетокот на 2024 година за прв пат се додели секундарна бесплатна правна помош на три жртви на трговија со луѓе, по поднесено барање од страна на Македонското здружение на млади правници.

**Законот за исплата на паричен надоместок на жртви од кривични дела со насилство** е изгласан од страна на Собранието на 17 ноември 2022[8]. Истиот влезе во сила на 17 мај 2023 година. Законот е од големо значење за сите жртви на кривични дела со насилство, бидејќи истиот ќе овозможи подобра заштита за жртвата на насилство и ќе го подобри нивниот пристап до правда. Досегашната пракса покажа дека и покрај законските можности за обештетување на жртвите на трговија со луѓе во кривична и граѓанска постапка, истото беше неефикасно и неспроведливо во пракса за жртвите. Токму ова е главната причина за неопходноста на ваквото законско решение. Целта на законот е жртвата да може да добие надомест на штета во најрана фаза, пред постапката да биде правосилно завршена, дури и кога против сторителот не е поведена кривична постапка, освен по исклучок, кога основот и висината на надоместокот не можат да се утврдат без правосилно завршена кривична постапка. Неодамна, во 2024 година, се формираше и Комисијата за надоместок на жртви од кривично дело со насилство, поднесени се три барања, но се уште не е донесено решение за надомест на штета на жртва на насилно кривично дело.

---

[3] Закон за кривичната постапка, Службен весник бр. 150/2010, 100/12, 142/16 и 198/2018
[4] Закон за правда на децата, Службен весник бр. 66/2024
[5] Закон за правда на децата, Службен весник на број 148/13 и број 152/19 и 275/19
[6] Закон за бесплатна правна помош, Службен весник бр. 101/2019
[7] Закон за бесплатна правна помош, Службен весник бр. 161/09 и 185/11
[8] Законот за исплата на паричен надоместок на жртви од кривични дела со насилство, Службен весник бр. 247/2022

Прашањата кои не се доволно јасни, првично се однесуваат на законот кој треба да се примени во однос на правната помош за жртвите на трговија со луѓе, како и жртвите деца. Понатаму, предизвици се појавуваат во однос на фазата во која треба да се определи адвокатот за жртвата, кој е надлежниот орган кој ја води постапката и кој треба да го определи адвокатот, постапката за назначување на адвокатот, условите кога адвокатот би бил на товар на буџетот на државата, како и институциите кои треба да ги надоместат трошоците кога адвокатот би бил на товар на буџетот на државата. Преку анализа на горенаведените закони, ќе се обидеме да направиме преглед на одредбите кои ги регулираат овие прашања и праксата на постапување.

Исто така, специјализацијата на адвокатите е особено важна за обезбедување на квалитетна правна помош. Во моментов има само неколку јурисдикции во регионот на Европа, каде во законот е наведено практичарите кои обезбедуваат правна помош на децата да бидат специјализирани и обучени. Дополнително, нема многу земји во кои работата на правните професионалци се следи систематски од аспект на квалитетот на обезбедената правна помош за децата[9].

Овие прашања се анализираат преку домашното законодавство, меѓународните стандарди како и преку компаративна анализа, од што произлегуваат заклучоци и препораки кои се надеваме дека ќе помогнат во унапредување на системот за (бесплатна) правна помош за жртвите на трговија со луѓе.

## ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА ЗА ПРАВНА ПОМОШ НА ЖРТВИТЕ НА ТРГОВИЈА СО ЛУЃЕ

| Институција/организација | Одговорност во поглед на правна помош за ЖТЛ |
|---|---|
| Национален механизам за упатување на жртви на трговија со луѓе (НМУ) | Тело во рамките на МТСП. Претставник на НМУ се известува за преземените чекори во поглед на заштита на жртвата. Во пракса НМУ се грижи и жртвата да добие пристап до правна помош, односно застапник во постапките. |
| Центри за социјална работа | Согласно Стандардните оперативни процедури (СОП) за постапување со жртви на трговија со луѓе[10], одговорното лице за случајот (претставник на ЦСР), согласно утврдените индивидуални потреби, го подготвува и спроведува планот за помош и поддршка на жртвата, кој содржи и правна помош. |
| Мобилни тимови за идентификација на жртви на трговија со луѓе и ранливи категории | Во Северна Македонија функционираат пет мобилни тимови (МТ) во Скопје, Куманово, Гевгелија, Битола и Тетово. Во рамки на тимовите, бесплатна правна помош обезбедуваат здруженијата на граѓани. |
| Министерство за внатрешни работи | Во рамките на МВР е формирана посебна единица-Национална единица за сузбивање на криумчарење мигранти и трговија со луѓе која е специјализирана да постапува со ЖТЛ. Претставници на единицата при спроведување на разговорот со жртвата ја известуваат за нејзините права, вклучувајќи го и правото на правна помош. |
| Основното јавно обвинителство за борба против организиран криминал и корупција и<br>Кривичен суд | Јавниот обвинител, односно судот, како орган кој ја води постапката, согласно ЗКП, доколку оцени, може да определи полномошник за ЖТЛ на товар на буџетските средства пред |

[9] Guidelines on child-friendly legal aid, UNICEF, 2019 види повеќе на https://www.unicef.org/eca/media/5171/file
[10] Стандардни оперативни процедури за постапување со жртви на трговија со луѓе, 2023 година

| | |
|---|---|
| | давањето на исказ, односно изјава или поднесување на имотно-правно барање.[11] |
| Министерство за правда | Министерството за правда е надлежно за одобрување на секундарна бесплатна правна помош, согласно Законот за бесплатна правна помош. |
| Здружение на граѓани | Здруженијата на граѓани МЗМП и Отворена Порта- Ла Страда имаат свои членови во мобилните тимови. Исто така за покривање на трошоците на бесплатна правна помош, поради нефункционалност на системот, невладините огранизации ги покриваа трошоците за адвокат за жртвата. |
| Центар за жртви на трговија со луѓе | Центарот за жртви на трговија со луѓе е единственото прифатилиште за сместување на жртвите на трговија со луѓе и истиот е управуван од невладината организација Отворена Порта- Ла Страда. Во центарот често жртвата ја добива првата правна помош. |
| Адвокати<br>Адвокатска комора | Адвокатите се полномошници на жртвите и може да ги застапуваат во сите постапки.[12] Досега е оформен единствено регистар на адвокати за работа со деца, вклучително и деца жртви на трговија со луѓе.[13] |

[11] Член 53, став 3 од Закон за кривичната постапка, Службен весник бр. 150/2010, 100/12, 142/16 и 198/2018
[12] Регистарот на адвокати за давање на правна помош на Министерството за правда брои 515 адвокати.
[13] Канцеларијата на Советот на Европа во Скопје во соработка со Адвокатската Комора на Република Северна Македонија спроведе 2 ХЕЛП курса за учење на далечина: Правда за децата и Трговија со луѓе.

**КВАНТИТАТИВНА АНАЛИЗА**

Според достапните податоци во однос на бројот на идентификувани жртви за периодот од 2018 до 2023 година, идентификувани се 86 жртви на трговија со луѓе.

| Година | ЖТЛ | Возрасни | Деца | Машки пол | Женски пол | Странци | Адвокат за идентификувани ЖТЛ (обезбеден од НВО) | Адвокат за тековни предмети на ЖТЛ (обезбеден од НВО) | Назначен адвокат по службена должност за деца ЖТЛ во постапка пред ОЈОГОКК | Назначен адвокат по службена должност за деца ЖТЛ во постапка пред суд | Секундарна БПП на ЖТЛ |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2018 | 9 | 3 | 6 | 0 | 9 | 1 | 3 | 3 | 0 | 1 | 0 |
| 2019 | 6 | 2 | 4 | 0 | 6 | 3 | 3 | 4 | 0 | 0 | 0 |
| 2020 | 7 | 1 | 6 | 1 | 6 | 0 | 3 | 1 | 0 | 0 | 0 |
| 2021 | 48 | 42 | 6 | 36 | 12 | 39 | 4 | 7 | 0 | 0 | 0 |
| 2022 | 9 | 2 | 7 | 1 | 8 | 2 | 2 | 6 | 0 | 0 | 0 |
| 2023 | 7 | 1 | 6 | 2 | 5 | 0 | 6 | 7 | 0 | 0 | 3 |
| Вкупно | 86 | 51 | 35 | 40 | 46 | 45 | 21 | 28 | 0 | 1 | 3 |

Од табеларниот приказ произлегува дека само дел од жртвите на трговија со луѓе имале пристап до правна помош и во најголемиот број на случаи адвокатот бил обезбеден од страна на здруженија на граѓани кои работат на темата. Од годишните извештаи на Националната комисија за борба против трговија со луѓе и илегална миграција[14] може да се утврди дека две здруженија на граѓани ја покриваат правната помош за жртвите на трговија со луѓе (Отворена порта – Ла Страда и Македонското здружение на млади правници).

Сепак, иако во последните шест години се идентификувани вкупно 86[15] жртви, само 21 новоидентификувани жртви добиле правна помош од страна на адвокат.

Јавното обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција во одговорот на барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер[16] наведе дека: во сите предмети жртвите на трговија со луѓе биле застапувани од полномошник адвокат или советник кој не бил на терет на буџетските средства, во текот на предистражна и истражна постапка.

Од страна на Основниот Кривичен суд е добиена информација дека во периодот од 2018 до 2023 година, 10 деца жртви биле застапувани од страна на бранител во постапката пред Основниот кривичен суд.[17] Ова претпоставуваме дека се однесува на деца кои биле во судир со законот за кои законот налага задолжително назначување на бранител по службена должност. Не е јасно зошто Основниот кривичен суд употребил терминологија деца жртви, но претпоставуваме дека станува збор за техничка грешка. Понатаму во одговорот, судот наведува дека АКМИС системот не генерира податоци за ангажирани адвокати засебно по кривично дело, туку само по број на предмет. Поради тоа судот не може да обезбеди податоци за бројот на лица/деца жртви кои биле застапувани од адвокат на товар на државниот буџет. Само за еден предмет има информации дека судот обезбедил правна помош за жртвата и обезбедил адвокат по службена должност[18].

Од спроведените неформални интервјуа со претставници на ЦСР и МВР[19] добиени се информации дека нема воедначена пракса во однос на назначување на адвокат за деца жртви. За некои од децата жртви на насилен криминал се поставува адвокат по службена должност од страна на полицијата за време на нивното сослушување. За жртвите на трговија со луѓе-деца најчесто се бара ЦСР да назначи адвокат на товар на нивниот буџет.

Ова е графички приказ на прибавените информации во однос на возраст и пол на жртвите, идентификувани и застапувани жртви во постапките, обезбедена правна помош од адвокат во судска постапка и преглед на даватели на правна помош споредбено по години од 2018 до 2023 година.

---

[14] Годишен извештај на Националната комисија за борба против трговија со луѓе и илегална миграција 2018, види повеќе на: 34432.pdf (nacionalnakomisija.gov.mk) ;Годишен извештај за 2019, види повеќе на: https://shorturl.at/qtEGR; Годишен извештај за 2020, види повеќе на: https://shorturl.at/kmA49; Годишен извештај за 2021, види повеќе на: https://shorturl.at/ckxT9; Годишен извештај за 2022, види повеќе на: https://shorturl.at/fmDU5; Годишен извештај за 2023

[15] 39 жртви се идентификувани во 2021 година, кои се од ист предмет на трудова експлоатација на странски државјани.

[16] Информација од јавен карактер, ОЈОГОКК Скопје, 06.03.2024

[17] Информација од јавен карактер, Основен кривичен суд Скопје, ПЈИ 08/2024, 20.02.2024

[18] Годишен извештај на Националната комисија за борба против трговија со луѓе и илегална миграција 2018, страна 35 види повеќе на: 34432.pdf (nacionalnakomisija.gov.mk)

[19] Спроведено неформално интервју со претставници на мобилните тимови за рана идентификација на ЖТЛ


Возраст на ЖТЛ
возрасни ЖТЛ
деца ЖТЛ


Пол на ЖТЛ
машки пол
женски пол


Идентификувани ЖТЛ во корелација со застапувани ЖТЛ од адвокат во постапките
60
40
20
0
2018
2019
2020
2021
2022
2023
ЖТЛ
ЖТЛ застапувани од адвокат во постапка


Правна помош на деца ЖТЛ во постапки во Основен кривичен суд
8
6
4
2
0
2018
2019
2020
2021
2022
2023
Адвокат по службена должност на деца ЖТЛ
Број на деца ЖТЛ


Начини на обезбедување на правна помош на ЖТЛ
8
6
4
2
0
2018
2019
2020
2021
2022
2023
застапувани ЖТЛ од адвокат преку НВО
застапувани тековни ЖТЛ од адвокат преку НВО
назначен адвокат на деца жртви од страна на судот
секундарна БПП на ЖТЛ

## АНАЛИЗА НА ЗАКОНСКИТЕ РЕШЕНИЈА ВО ПОГЛЕД НА ПРАВОТО НА ПРАВНА ПОМОШ ЗА ЖРТВИТЕ НА ТРГОВИЈА СО ЛУЃЕ

### *Меѓународни договори и стандарди*

Правото на правна помош специфично за жртвите на трговија со луѓе е гарантирано во *Палермо Протоколот кон Конвенцијата на ООН за организиран криминалитет*[20], веднаш по правото на сместување на жртвата. Со тоа уште во првите меѓународни документи, им се наложува на државите потписнички да се осигураат дека во своите национални законодавства содржат одредби за правото на жртвите да бидат информирани и да им се овозможи да учествуваат во кривичната постапка. Во *Конвенција за акција против трговијата со луѓе на Советот на Европа,* на сличен начин како и во Протоколот од Палермо, се налага дека секоја земја членка треба да се осигура дека жртвите имаат пристап до информации од нивниот прв контакт со институциите. Конвенцијата налага земјите членки во националното законодавство да донесат одредби кои се однесуваат на правната помош и правото на бесплатна правна помош за жртвите под услови определни со закон. Во член 12 од *Директивата на Европската Унија 2011/36/EU за спречување и борба против трговијата со луѓе и заштита на жртвите од трговија со луѓе* е пропишано дека државите членки треба да им овозможат на ЖТЛ пристап до правна помош и застапување, без одлагање, во согласност со нивното национално законодавство. Воедно со Директивата се налага правната помош и застапувањето да бидат бесплатни за жртвите кои немаат доволно финансиски средства. Во членот 13 од *Директивата 2012/29/EU на Европскиот парламент и на Советот од 25 октомври 2012 година* со која се воспоставуваат минимални стандарди за правата, поддршка и заштита на жртви на кривични дела е наведено дека жртвите имаат пристап до правна помош под услови и процедурални правила предвидени во националното законодавство на државите членки[21]. Комитетот на министри на Советот на Европа на 31 март 2021 година ги усвои *Насоките за ефикасност и ефективност на шемите за правна помош во областите на граѓанското и административното право*, подготвени од Европскиот комитет за правна соработка.[22] Целта на овие насоки е да им помогнат на државите да ги направат своите националните шеми за обезбедување на правна помош во областите на граѓанското и административното право поефикасни. Воедно, насоките содржат и одредби за воведување на механизми за обезбедување квалитет во шемите за правна помош, за општото функционирање и во однос на квалитетот на правните услуги кои се обезбедени од страна на давателите на услуги. Во насоките се нагласува дека еден од предусловите за функционирање на секој систем за бесплатна правна помош е воведување на јасни, објективни критериуми за назначување даватели на правна помош.

### *Национално законодавство*

Правната помош за жртвите на трговија со луѓе е регулирана во Законот за кривичната постапка, Законот за бесплатната правна помош и Законот за правда за децата. Како што налага меѓународното право и стандардите, националното законодавство содржи одредби кои се

[20] Protocol to Prevent, Suppress and Punish Trafficking in Persons Especially Women and Children, supplementing the United Nations Convention against Transnational Organized Crime, член 6, став 2

[21] Проф. д-р Гордана Лажетиќ и Ирена Здравкова, Правата на жртвите на трговија со луѓе во судските постапки, Скопје јули 2020, види повеќе на: https://rm.coe.int/hf29-research-thb-mkd/16809f035d

[22] Совет на Европа, Насоки за ефикасност и ефективност на шемите за правна помош во областите на граѓанското и административното право CM(2021)36-add2final, види повеќе на: https://search.coe.int/cm/pages/result_details.aspx?objectid=0900001680a1a347

однесуваат на правото на правна помош како и можност жртвите да ја добијат бесплатно кога немаат доволно финансиски средства. Во овој дел од анализата ќе се направи преглед на одредбите кои го регулираат правото на правна помош, условите за бесплатна правна помош, моменталната пракса на постапување на надлежните институции и препораки за подобрувања.

*Правна помош согласно Законот за кривичната постапка*

**Согласно Законот за кривичната постапка,** жртвата на трговија со луѓе како оштетена во постапката има право да биде запознаена со своите права[23]. Правото на правна помош за жртвите на кривични дела е условено со висината на казната која е пропишана за кривичното дело, односно доколку за кривично дело е пропишана казна затвор од најмалку четири години. Во оваа смисла, ЖТЛ има право пред испитувањето да разговара со бесплатен советник или со полномошник, доколку во постапката учествува како оштетен[24]. ЖТЛ има право на советник на товар на буџетските средства пред давањето на исказ, односно изјава или поднесување на имотно-правно барање ако има тешки психофизички оштетувања или потешки последици од кривичното дело[25]. Според ЗКП, на посебно ранливите жртви и сведоци за време на испитувањето им се поставува полномошник, ако органот што ја води постапката *оцени* дека е тоа потребно заради помош на жртвата[26].

На жртвата која учествува во постапката како оштетена треба да ѝ се овозможи пред испитувањето да разговара со советник или со полномошник. Во коментарот на ЗКП се разграничува улогата на советник и полномошник и наведено е дека „советник е лице, кое не е правник, а кое треба да ѝ помогне на жртвата во надминување на психичката состојба која може негативно да влијае врз нејзината способност да даде исказ во текот на постапката, а во смисла на присутно чувство на несигурност, страв, срам и сл. Судот ангажира советник од ЦСР. Полномошникот, во својство на адвокат, треба да ѝ ги разјасни на жртвата процесните аспекти на нејзиното учество во постапката во својство на оштетен, пријавување имотно-правно барање и другите права што ги гарантира ЗКП. Во однос на трошоците во коментарот се наведува дека: „Од особена важност е трошоците за советникот, односно полномошникот да не бидат на товар на самата жртва, со цел да се одбегне нееднаквиот статус на жртвите во зависност од нивната финансиска состојба**.** Адвокатот го определува органот што ја води постапката од листата на адвокати која ја составува Адвокатската комора, согласно чл.74 ст.6 од ЗКП".[27]

- **Пракса на постапување според Законот за кривичната постапка**

Во однос на правото на правна помош за жртвите, истото е остварливо во пракса доколку адвокатот бил обезбеден од страна на здруженија на граѓани.

Во однос на правото на бесплатна правна помош, праксата покажа дека и покрај законско предвиденото право на полномошник за ЖТЛ на товар на буџетските средства, истото не се остварува во пракса. До сега органот што ја водел постапката, не оценил дека жртвата е особено ранлива/или има тешки психофизични оштетувања и не поставил полномошник на товар на

---

[23] Закон за кривичната постапка, Службен весник бр. 150/2010 и 198/2018, член 55 став 1, алинеа 1
[24] Закон за кривичната постапка, Службен весник бр. 150/2010, 198/2018, член 55
[25] Права на жртвата, член 53 став 3, алинеа 1, Закон за кривичната постапка, Службен весник бр.150/2010 и 198/2018
[26] Закон за кривичната постапка, Службен весник бр.150/2010, 198/2018, член 232
[27] Г. Калајџиев, Ф. Лажетиќ, Л. Неделкова, М. Денковска, М. Тромбева, Т. Витларов, П. Јанкуловска, Д. Кадиев, Коментар на Законот за кривичната постапка, ноември 2018, види повеќе на: https://old.jpacademy.gov.mk/wp56/wp-content/uploads/2021/02/1.-komentar-na-zakonot-za-krivicna-postapka.pdf?

државниот буџет. Освен во еден случај кој е наведен во извештајот на Националната комисија за борба против трговија со луѓе и илегална миграција за 2018 година каде е наведено дека судот поставил адвокат за жртвата по службена должност[28].

Сите институции кои постапуваат со ЖТЛ очекуваат кога предметот ќе стигне кај нив, адвокат да биде веќе назначен и истиот да биде присутен за време на испитување на жртвата во полиција и пред Јавното обвинителство. Не е јасно во пракса кој треба да го назначува адвокатот за жртвата и да утврдува дали постојат услови за бесплатен адвокат. Барањата за назначување на адвокат од јавното обвинителство се најчесто кон ЦСР кој понатаму ги контактира здруженијата на граѓани кои за да излезат во пресрет на жртвата, обезбедуваат адвокат на свој трошок.

Перцепцијата на јавното обвинителство е дека адвокатот треба веќе да биде обезбеден за испитувањето на жртвата од страна на ЦСРт или од здруженија на граѓани. Можеби тоа е поради претходната долгогодишна пракса, кога поради нефункционалност на системот, адвокатот секогаш беше обезбедуван од страна на здруженијата на граѓани. Дополнително, можеби и ваквиот став на јавното обвинителство е оправдан поради тоа што се очекува жртвата да има веќе обезбеден адвокат додека е на разговор во ЦСР или за време на давање на исказ во полициска станица.

- **Прашања за дискусија и препораки**

Првото прашање што се поставува е кој може да биде органот што ја води постапката? ЗКП уредува прашања кои се од кривично-правната материја, така што орган што ја води постапката може да биде полицијата, јавното обвинителство или судот.

Второто прашање е кои се посебно ранливи жртви и сведоци? И под кои услови органот што ја води постапката ќе оцени дека е потребно за нив да назначи бесплатен полномошник?

Овие прашања се делумно решени со предлог ЗКП каде е наведено дека пред испитување на жртвата, надлежниот орган (се претпоставува дека тоа е ОЈО) во соработка со органите, установите и организациите за помош и поддршка на жртвите на кривичните дела спроведува **индивидуална процена на потребите** на жртвата, со цел да се утврди дали постои потреба за примена на посебни мерки за заштита на жртвата, помеѓу што и прави оценка дали има потреба од полномошник на товар на буџетот[29]. При индивидуалната процена на соодветен начин се вклучени жртвите на трговијата со луѓе и наведено е дека Министерот за правда, по претходно мислење од Министерот за внатрешни работи, донесува правилник за начинот на спроведување на индивидуалната процена на жртвата[30].

Доколку ова решение остане во предлогот за нов ЗКП, нема пречки да започне да се спроведува и пред да се донесат овие измени. Обвинителот кој го води предметот може да побара од надлежните органи, установи и организации да изготват проценка на потребите на жртвата и да ја достават во најскоро време. Проценката ќе помогне јавниот обвинител да оцени и одлучи според постоечкиот ЗКП дали жртвата има потреба од полномошник на товар на државниот буџет.

---

[28] Годишен извештај на Националната комисија за борба против трговија со луѓе и илегална миграција 2018, види повеќе на: 34432.pdf (nacionalnakomisija.gov.mk)

[29] Предлог закон за кривичната постапка, Глава V Жртва, Оштетен И Приватен Тужител 1. Жртва, Права, помош и поддршка на жртвата, член 53 став 2

[30] Предлог закон за кривичната постапка, член 54

Сепак главен проблем е надоместокот на трошоците за полномошникот и дали истите ќе се плаќаат од страна на Буџетот на Јавното обвинителство. Но, бидејќи со Законот за правда за децата е предвиден ваков трошок за деца во судир со законот, Јавното обвинителство треба да земе во предвид дека вакви трошоци ќе бидат потребни и за жртви на трговија со луѓе, по оцена на јавниот обвинител кој ја води постапката. Според податоците прибавени по слободен пристап од страна на Јавното обвинителство, до сега не е поставен адвокат за жртва на трговија со луѓе на товар на државниот буџет.

### *Правна помош согласно Законот за бесплатна правна помош*

Друга можност е жртвите на трговија со луѓе да добијат бесплатна правна помош **согласно Законот за бесплатна правна помош (ЗБПП).** Во однос на својата примена, Законот за бесплатна правна помош ја исклучува кривичната постапка, но жртвите на трговија со луѓе го имаат ова право согласно членот 49 од преодните и завршни одредби. Во нив е наведено дека со денот на отпочнување со примената на овој закон, престанува да важи ЗБПП 2009, освен членот 8, во делот кој се однесува на заштита на жртвите од казниви дела и заштита на ЖТЛ.

*ЗБПП 2009, член 8*

*„(1) Барањето за правната помош согласно со одредбите на овој закон ќе се одобри во сите судски и управни постапки, доколку со него се решава прашање од интерес за барателот на правната помош.*

*(2) Прашањата во смисла на ставот (1) од овој член се: права од областа на социјалното, здравственото, пензиското или инвалидското осигурување, работните односи, заштитата на деца и малолетници, жртвите на семејното насилство, заштитата на жртвите од казниви дела, заштитата на жртвите од трговија со луѓе и имотно-правните прашања.„*

Јасна е интенцијата на законодавецот да не ги остави без правна заштита ЖТЛ, но со оглед на целосно различните концепти на бесплатната правна помош уредени во ЗБПП 2019 и ЗБПП 2009 се создава конфузија на кој начин и кој закон ќе се примени за да се обезбеди адвокат за жртвите, дали ЗКП, ЗБПП 2019 или ЗБПП 2009. Ова не треба да се остави како долгорочно решение, но согласно моменталното толкување на законот, бесплатната правна помош им следува на жртвите.

- **Пракса на постапување согласно Законот за бесплатна правна помош**

Согласно Законот за бесплатна правна помош, од страна на МЗМП се поднесоа три барања за бесплатна правна помош до подрачните одделенија на Министерството за правда. Барањата се однесуваа на две женски деца ЖТЛ и возрасна жена ЖТЛ која е со интелектуална попреченост. Сите барање се поднесени од страна на МЗМП по барање на ЦСР.

Во сите барања за БПП во делот на облик на правна помош која се бара е наведено- *правна помош за жртва на кривични дела*. Во прилог на сите барања е доставена покана за сослушување од ОЈОГОКК каде е наведено дека лицето/детето се сослушува во својство на жртва на трговија со луѓе, за да се потенцира итноста за навремено обезбедување на адвокат. **Во сите барања е побарана бесплатна правна помош без утврдување на материјална состојба на лицето**. Во прилог се доставени и барања за назначување на адвокат согласно ЗБПП од Министерството за труд и социјална политика (со назнака ИТНО).

Барањето е поднесено согласно член 49 од ЗБПП според кој останува да важи член 8 од ЗБПП од 2009 година во делот на заштита на жртви од трговија со луѓе, согласно на истото, се бара да се одобри за сите судски постапки со кои се решава прашање од интетерес на барателките. Бидејќи адвокати веќе претходно постапувале и спровеле дејствија за заштита на правата на жртвите, до подрачните одделенија доставени се и полномошна.

**За трите барања, донесени се потврди за одобрување на секундарна бесплатна правна помош**. При тоа, во едната потврда во која предметот е пред ОЈОГОКК, наведено е дека се одобрува секундарна бесплатна правна помош согласно член 49 од Законот за бесплатна правна помош во делот на застапување на постапки за заштита на жртвата (предкривична, истражна, постапка пред јавен обвинител во врска со предметот и во постапка за предјавување на имотно-правно побарување).

Во предметот што е во судска постапка, во потврдата е наведено дека се одобрува бесплатна правна помош за старателот за застапување на жртвата во судска постапка.

**Корисникот на БПП е ослободен од следните трошоци: судски такси и трошоци поврзани со постапката пред суд, трошоци за вештачење и административни такси.**

Во сите потврди е наведено дека за промената на фактите и околностите кои влијаат или би можеле да влијаат на остварувањето на правото на секундарна бесплатна правна помош, корисникот е должен да го извести подрачното одделение на Министерството за правда во рок од 7 дена од кога дознал за промената. Доколку нема веројатност за успех или не е разумно да се продолжи со текот на постапката, адвокат е должен да го извести подрачното одделение на Министерството за правда во рок од 15 дена.

Наведено е и дека барањето се одобрува без утврдување на финансиска состојба на корисникот (поради тоа што две од жртвите се сместени во згрижувачко семејство) и во итна постапка поради природата на правната работа за која се бара постапување.

Во едно од решенијата (дете кое не е сместено во згрижувачко семејство) е наведено дека и се одобрува секундарна правна помош на барателката без утврдување на материјално финансиската состојба, **имајќи ја во предвид природата на правната работа(жртва-дете) и други околности (член 20 став 1 алинеа е од ЗБПП) поради кои барателката не е во можност самата да обезбеди адвокат**, а земајќи го во предвид членот 49 од ЗБПП.

Во предметот кој е пред ОЈОГОКК е наведено дека заради заштита на интересите и правата на жртвата, адвокатот е должен да соработува со подрачното одделение и старателот и за секое поединечно правно прашање да поднесе барање за секундарна правна помош до подрачното одделение.

Сепак потребно е да се нагласи дека секундарна правна помош е одобрена за две ЖТЛ деца и покрај тоа што ЗБПП предвидува дека одредбите од овој закон за правилата на постапката за одобрување на секундарна правна помош не се применуваат во обезбедувањето на правна помош на дете и истото ќе се спроведува согласно одредбите на Законот за правда за децата[31].

---

[31] Закон за бесплатна правна помош, Службен весник број бр. 161/09 и 185/11, член 39

**Одобрените барања за секундарна правна помош на ЖТЛ во итна постапка се позитивна пракса која го подобри пристапот на ЖТЛ до правна помош и правда и со тоа ваквото право за ЖТЛ за прав пат стана остварливо во пракса.**

- **Прашања за дискусија и препораки**

Во одобрените барања за секундарна бесплатна правна помош останува нејасно дали барањето се одобрува за целата кривична постапка, со оглед на тоа дека може да има повеќе рочишта на кои адвокатот може да е присутен, особено што во исклучителни случаи ЖТЛ може да е повикана да даде исказ и на главна расправа. Или секундарната правна помош е одобрена само за рочиштето кога адвокатот предјавува имотно-правно побарување. И дали за секоја постапка пред МВР, пред ОЈОГОКК и судската постапка е потребно да се поднесува посебно барање за одобрување на бесплатната правна помош на жртвата, со оглед на тоа што предметот не мора секогаш да стигне до јавното обинителство или до судска постапка.

Трошоците за адвокатите за предмети од организиран криминал се високи, па од тој аспект можеби не е потребно адвокатот да биде назначен за целата кривична постапка, туку за определени дејствија кога е неопходно за заштита на правата на жртвата. Дополнително, доколку се исплаќа адвокатот за сите рочишта, се поставува прашањето дали Министерство за правда има буџет за сите овие трошоци. Можеби тоа нема да е во можност да одобри секундарна правна помош за повеќе жртви.

За кривично дело Трговија со дете од член 418-г став 1 од КЗ, предвидена е казна од најмалку 8 години затвор. Според адвокатската тарифа, основицата за застапување доколку има еден обвинет е 18.000 денари зголемено за 30% паушал и 20 % саатнина = 28.080 денари. Доколку има повеќе обвинети, наградата се зголемува за секој нареден обвинет по 25%, но не повеќе од пет пати. Притоа, крајниот износ кој се надоместува од Министерството, се намалува за 30%[32].

Бидејќи условите за бесплатна правна помош се регулирана со ЗКП и ЗПД, примена на одредбите на Законот за бесплатна правна помош треба да бидат исклучок во обезбедувањето на ова право на жртвите, особено на жртвите деца. Но, последните измени во Законот за правда за децата и бришење на членот 39 од Законот за бесплатна правна помош создаваат дополнителна конфузија[33]. Нејасно е дали интенцијата е децата жртви да можат да добиват секундарна бесплатна правна помош согласно Законот за бесплатна правна помош.

Притоа, одобрената секундарна правна помош, со оглед на адвокатските трошоци, не треба да се однесува на целата кривична постапка, туку само за постапката пред определен орган (пред ЦСР, МВР, ОЈО или судско рочиште) и само додека има потреба за неа, заради заштита на интересите на жртвата. И затоа и е предвидена редовна комуникација помеѓу адвокатот и Министерeството за правда.

Секундарната бесплатна правна помош би покривала: советување на полномошникот со жртвата пред давање на исказ во ОЈО, за време на давање на исказ пред ОЈО и во судска постапка само за потребите за предјавување на имотно-правно побарување во судска постапка. Адвокатот кој е

[32] Во тек е предмет со обвинети 11 лица за делото Трговија со дете, за кое адвокатот бил присутен пред Јавното Обвинителство и на пет рочишта. Тоа се вкупно 168.480 денари, зголемени за 25% за секој обвинет.

[33] Закон за правда на децата, Службен весник број 66/2024 од 20.03.2024 година, преодни и завршни одредби

назначен на товар на државниот буџет не би бил потребен да биде присутен во целата судска постапка која се води против обвинетите. Ова особено поради тоа што и старателот, Јавниот обвинител и судот се должни да постапуваат со посебно внимание и да ги штитат правата на жртвата, за да се избегне понатамошна ре-виктимизација.

### *Правна помош согласно Законот за правда за децата*

Законот за правда за децата беше изгласан од страна на Собранието во текот на изготвувањето на оваа анализа. Во анализата се разгледани само одредбите на новиот закон кој веќе започна да се применува. Во законот е предвидено дека заштитата на децата како жртви и како сведоци во кривичната постапка се обезбедува согласно со Законот за правда за децата, Законот за кривичната постапка, Законот за заштита на сведоците и со Законот за исплата на паричен надоместок на жртви од кривични дела со насилство[34].

Децата жртви на дејствија кои со закон се предвидени како кривични дела, согласно основните начела на Законот, ги имаат истите права што ги имаат и полнолетните лица жртви пред, за време и по завршувањето на кривичната постапка, како и посебните права признати со Конвенцијата за правата на детето и другите ратификувани меѓународни договори. **Децата жртви и децата сведоци уживаат засилена заштита и поддршка од сите институции, органи и поединци во системот на правда за децата**, со цел да се намалат негативните последици кои тие ги трпат од кривичното дело[35].

Законот за правда за децата пропишува **право на детето жртва да биде информирано за своите права од страна на сите институции** кои доаѓаат во допир со него, односно, за правата пропишани со Конвенцијата за правата на детето. Кога детето жртва се сослушува, има право да биде и поучено за правата во таа постапка, како и за самата постапка[36].

За дете жртва на кривично дело е наведено дека има **право на правна помош од адвокат** пред давањето на исказ, односно изјава и поднесување на имотно-правно барање. **Ова право му е обезбедено и во полициската и во кривичната постапка пред ЦСР**. Детето жртва има право и на полномошник од земањето на првиот исказ, како и во текот на целата постапка. Правна помош на дете жртва обезбедува по правило адвокат кој следел специјализирана обука за правата на децата[37]. Законот не го употребува терминот адвокат или советник за бесплатна правна помош или советник на товар на буџетските средства, како што е тоа регулирано во ЗКП за полнолетните жртви, но толкувањето е секако дека тие ги имаат истите права како и полнолетните жртви.

Во преодни и завршни одредби на Законот е предвидено дека освен што стариот Закон[38] престанува да важи, со денот на влегувањето во сила на овој закон престанува да важи и член 39 од Законот за бесплатната правна помош. Овој член од Законот за бесплатна правна помош предвидува дека **одредбите за правилата на постапката за одобрување на секундарна правна помош не се применуваат во обезбедувањето на правна помош на дете согласно одредбите на Законот за правда за децата.**

[34] Закон за правда на децата, Службен весник број 66/2024 од 20.03.2024 година, член 175
[35] Закон за правда на децата, Службен весник број 66/2024 од 20.03.2024 година, член 7
[36] Закон за правда на децата, Службен весник број 66/2024 од 20.03.2024 година, член 5 став 1 и 2
[37]Закон за правда на децата, Службен весник број 66/2024 од 20.03.2024 година, член 167
[38] Закон за бесплатна правна помош Службен весник број бр. 161/09 и 185/11

Друго прашање е дали во правниот промет со еден закон може да се укинуваат одредби од друг закон, но тоа ќе го оставиме да биде предмет на некоја друга анализа.

Укинувањето на оваа одредба може да го толкуваме во насока дека постапката за одобрување на секундарна правна помош за дете жртва може да се спроведува и согласно одредбите на Законот за бесплатна правна помош.

Интенцијата во новиот Закон за правда за децата е наместо само Министерството за правда, секоја институција која постапува со деца, да има свој буџет кој ќе го користи за обезбедување на бесплатна правна помош.

Одредбите кои ја регулираат правната помош за децата, во најголем дел се однесуваат на децата во судир со законот. Сепак, овие одредби се применуваат и за децата жртви на трговија со луѓе кој спаѓаат во категоријата - деца во ризик[39]. Законското решение за бесплатната правна помош за деца зависи од органот пред кои се води постапката. Затоа во овој дел ќе ги разгледаме посебно одредбите кои се однесуваат на правната помош за деца пред различни органи.

- **Постапка пред Центарот за социјални работи**

Во определувањето на адвокат за жртвата дете, ЦСР има клучна улога, бидејќи доколку адвокатот се постави во рана фаза, по идентификување на жртвата дете, истата ќе стекне доверба и ќе се охрабри да учествува и во кривичната постапка против сторителите.

За да ги дознае состојбите на ризик, ЦСР соработува со Министерството за внатрешни работи, со училиштата и сите други организации кои откриле деца во ризик.

**За состојби на деца во ризик до 14 години,** Министерството за внатрешни работи, училиштето или друга институција во која детето е згрижено, како и родителот/те односно старателот на детето, **го известуваат ЦСР**[40]. Во итни случаи известувањето може да биде и по телефон, а дополнително се доставува писмено известување. ЦСР може да го констатира постоењето состојба на ризик и врз основа на сопствени сознанија. Примените известувања се регистрираат во Регистар за примени известувања за деца во ризик до 14 години, што се води во ЦСР.

ЦСР **постапува по известувањата** во рок не подолг од 15 дена од денот на приемот на известувањето или друго сознание, а во случаите кога постои загрозеност на личноста, правата и интересите на детето, не подолго од 36 часа. ЦСР **го повикува на разговор детето во ризик**, **родителот/те односно старателот**, и покренува постапка од доверлив карактер за утврдување на фактичките околности на конкретниот настан или состојбата на ризик.

Во однос на **задолжителноста за присуство на адвокат за време на разговорот**, **за дете во ризик до 14 години**, законот тоа прецизно го определува кога станува збор за дете во судир со законот[41].

---

[39] Закон за правда на децата, Службен весник број 66/2024 од 20.03.2024 година, Член 21, Значење на поимите и изразите. **Дете во ризик** е секое дете кое наполнило пет, а не наполнило 18 години, со попреченост, жртва на насилство и сл. а кое поради ваквите состојби е или може да дојде во допир со закон како жртва или како сведок на дејство кое со закон е предвидено како прекршок или кривично дело.

[40] Закон за правда на децата, Службен весник број 66/2024 од 20.03.2024 година, Член 26

[41] Односно кога дејството на детето е предвидено како кривично дело за кое е пропишана казна затвор над пет години, кај кривично дело од областа на семејно насилство, телесна повреда**,** Закон за правда на децата, Службен весник број 66/2024 од 20.03.2024 година

**Тој остава простор за другите деца жртви, задолжителното присуство на адвокат да биде по процена на стручниот работник од ЦСР, односно кога постои загрозеност на личноста, правата и интересите на детето.**

Доколку, толкувањето е во насока дека овој член може да се примени само за деца во ризик до 14 години, без оглед на нивната ранливост, се остава простор децата жртви на трговија со луѓе на возраст од 14 до 18 години да бидат целосно исклучени од системот на правна помош. И притоа воопшто да не се оценува ни имотната состојба на родителите, итн. Во случајот, ранливоста нема ни потреба да се проценува, бидејќи станува збор за деца жртви на трговија со луѓе. Со ваквото толкување, истите би останале без адвокат за време на нивното сослушување пред ЦСР, полицијата и во понатамошниот тек на постапката.

Насоките на Комитетот на Министри на Советот на Европа во врска со правната помош се дека на децата е потребно да им се обезбеди пристап до бесплатна правна помош. Ова не мора нужно да значи воспоставување на посебен систем на правна помош само за деца, туку може да бидат вклучени и во системот наменет за возрасните. Системот на бесплатната правна помош за децата може да биде условен и од финансиските средства на родителот, но мора да биде ефективен во пракса[42].

Од друга страна има и поинакви системи како на пример во Грузија каде правото на правна помош е гарантирана *ex-officio* за сите деца под 18 години, бидејќи сите деца се сметаат за социјално ранливи и не е потребен никаков услов за децата кои се корисници на ова право[43]. Оттука се надеваме дека примената на Законот за правда за деца нема да се применува рестиктивно само за децата жртви под 14 години и по процена на стручниот работник од ЦСР ќе може да се назначи адвокат и за деца над 14 годишна возраст.

Јасната старосна граница определена во законот е предност, бидејќи гарантира правна сигурност. Но од друга страна зрелоста и нивото на разбирање на детето се поголемо мерило за состојбата на детето отколку неговата возраст. Некогаш петнаесет годишно дете може да биде помалку зрело од дванаесетгодишно дете, додека многу малите деца може да бидат доволно интелигентни за да ја проценат и разберат сопствената специфична ситуација. Ваквата проценка треба да ја направи ЦСР во соработка со експерти во областа.

**Правната помош што ја обезбедува адвокатот пред ЦСР** се состои во присуство на разговор, доставување правно мислење[44] и, во зависност од околностите на случајот, присуство на средба заради спроведување на индивидуалниот план[45]. За укажана правна помош ЦСР, во рок од 15 дена од денот на последното преземено дејство, изготвува **потврда за дејствија** што биле преземени од страна на адвокатот, врз основа на којашто **адвокатот доставува трошковник до ЦСР и до родителот/те односно старателот.**

---

[42] Guidelines of the Committee of Ministers of the Council of Europe on child friendly justice (Adopted by the Committee of Ministers on 17 November 2010 at the 1098th meeting of the Ministers' Deputies), Guideline 38

[43] Guidelines of the Committee of Ministers of the Council of Europe on child friendly justice (Adopted by the Committee of Ministers on 17 November 2010 at the 1098th meeting of the Ministers' Deputies), 78

[44] Закон за правда на децата, Службен весник број 66/2024, Член 28, Адвокатот е должен да даде правно мислење за случајот во писмена форма во рок од седум дена од денот на разговорот.

[45] Закон за правда на децата, Службен весник број 66/2024, Член 29, Го изготвува ЦСР во рок од 30 дена од денот на спроведениот разговор со родителите/от односно старателот и детето во ризик

**Трошоците за правна помош од адвокат, по правило, ги надоместуваат родителот/те односно старателот на детето кога сами го избрале адвокатот.**

Доколку родителот/те односно старателот на детето, не се во состојба да ги надомести трошоците за правна помош од адвокат, потребно е да достават **потврда**[46] **од надлежен орган или организација најдоцна во рок од 15 работни дена од денот кога адвокатот бил повикан во ЦСР.** Во спротивно, се смета дека се во состојба да ги платат трошоците за правната помош на адвокатот.

Потврдата би можела да се прибави како доказ од работодавецот, АВРМ, или од ЦСР доколку станува збор за лице со социјални примања.

Кога родителот/те односно старателот на детето не се во состојба да ги надоместат трошоците за правна помош од адвокат, ЦСР поставува адвокат по службена должност од електронскиот систем со именик на адвокати, кој го води Адвокатската комора на Република Северна Македонија.

Во тој случај, трошоците за правна помош од адвокат по службена должност, паѓаат на товар на буџетот на Министерството за труд и социјална политика.

**Оттука произлегува дека услов за остварување на правото на бесплатна правна помош за жртва дете во постапката пред ЦСР, се родителите, односно старателот на детето, да достави/ат потврда до ЦСР дека не остварува/ат вкупни месечни приходи поголеми од последната објавена просечна нето плата во Република Северна Македонија.**

**Доколку старателот е поставен по службена должност, во тој случај за детето жртва следува бесплатна правна помош и ЦСР ќе го исплати адвокатот за укажаната правна помош.**

Наградата на адвокатот за пружена правна помош се пресметува во висина согласно со Тарифата за награда на Адвокатската комора на Република Северна Македонија.

**Согласно одредбата за постапката со дете жртва пред ЦСР, уште при првиот разговор со детето, поради загрозеност на личноста, правата и интересите на детето, ЦСР треба да определи адвокат за детето жртва.**

- **Постапка пред Министерството за внатрешни работи**

Во постапката пред МВР, кога станува збор за дете-жртва, се претпоставува дека адвокатот ќе биде веќе назначен од страна на ЦСР.

Во ситуациите кога ЦСР нема да определи адвокат, ќе се применува одредбата од ЗКП според која органот кој ја води постапката ќе определи адвокат за жртвата-дете, бидејќи станува збор за посебно ранлива категорија. Во тој случај, МВР кога ќе идентификува жртва на трговија со луѓе-дете која треба да даде исказ во полиција, ќе ја поучи за своите права во присуство на родител или старател и ќе определи адвокат на товар на државата, односно на товар на буџетот на Министерството за внатрешни работи на Република Северна Македонија.

---

[46] Потврда дека не остваруваат вкупни месечни приходи поголеми од последната објавена просечна нето плата во Република Северна Македонија, Закон за правда на децата, Службен весник број 66/2024

Ова е возможно во пракса, бидејќи и Законот за правда за децата содржи одредби за правна помош и бесплатна правна помош за деца престапници кои се лишени од слобода или задржани во полициска станица[47].

За правна помош за деца лишени од слобода или задржани, во Законот за правда за децата се користи терминот бранител. Но, со оглед на тоа што жртвите деца имаат право на адвокат од земањето на првиот исказ, како и во текот на целата постапка, толкувањето е дека овие одредби може да важат и за нив.

- **Постапката пред Јавното Обвинителство**

Во постапката пред Јавното Обвинителство, кога станува збор за дете, се претпоставува дека адвокатот ќе биде веќе назначен од страна на ЦСР.

Во ситуациите кога ЦСР нема да определи адвокат, ќе се применува одредбата од ЗКП според која органот кој ја води постапката ќе определи адвокат за жртвата-дете, бидејќи станува збор за посебно ранлива категорија. Во тој случај ОЈО кога е потребно да испита жртва на трговија со луѓе-дете која треба да даде исказ во полиција, ќе ја поучи за своите права во присуство на родител или старател и во интерес на постапката и правата на жртвата, ќе определи адвокат на товар на државата, односно на товар на буџетот на Буџетот на Јавното обвинителство на Република Северна Македонија.

Идентично како и за деца лишени од слобода или задржани во полициска станица, во Законот за правда за децата, во постапката пред ОЈО е предвидена правна и бесплатна правна помош за деца престапници и се користи терминот бранител. Но, со оглед на тоа што жртвите деца имаат право на адвокат од земањето на првиот исказ, како и во текот на целата постапка, толкувањето е дека овие одредби треба да важат и за нив[48].

- **Постапката пред судот[49]**

Во постапката пред кривичниот суд, кога станува збор за дете, се претпоставува дека адвокатот ќе биде веќе назначен од страна на ЦСР.

Во ситуациите кога ЦСР нема да определи адвокат, ќе се применува одредбата од ЗКП според која органот кој ја води постапката ќе определи адвокат за жртвата-дете, бидејќи станува збор за посебно ранлива категорија. Во тој случај судот, ќе ја поучи жртвата на трговија со луѓе-дете за своите права, во присуство на родител или старател и во интерес на постапката и правата на жртвата, ќе определи адвокат на товар на државата, односно на товар на судскиот буџет на Република Северна Македонија.

Идентично како и за децата во постапката пред МВР и ОЈО, во Законот за правда за децата, во постапката пред Кривичниот суд е предвидена правна и бесплатна правна помош за деца престапници и се користи терминот бранител. Но, со оглед на тоа што жртвите деца имаат право на

---

[47] Закон за правда на децата, Службен весник број 66/2024, Член 125
[48] Закон за правда на децата, Службен весник број 66/2024, Член 80
[49] Закон за правда на децата, Службен весник број 66/2024, Член 80, Глава тринаесетта Општи одредби на постапката за деца и надлежност на судот

адвокат од земањето на првиот исказ, како и во текот на целата кривична постапка, толкувањето е дека овие одредби треба да важат и за нив[50].

Законот наложува во ситуации кога старател на детето е вработено лице во ЦСР, кој е поставен по службена должност, за трошоците за бранителот се задолжува ЦСР што го донел решението за определување старател по службена должност. Нашето толкување е дека истата одредба треба да се однесува и на адвокати. Доколку старателот на детето жртва е вработено лице во ЦСР, кој е поставен по службена должност, за трошоците за адвокатот се задолжува ЦСР што го донел решението за определување старател по службена должност.

*ЖТЛ Странци*

Законот за странците[51] во делот Привремен престој на жртви на трговија со луѓе поконкретно ги уредува правата на ЖТЛ странци. Законот за странци предвидува дека за време на периодот на закрепнување и рефлексија, жртвата на трговија со луѓе има право на соодветно и безбедно сместување; медицинска и психолошко-социјална помош; материјална помош; превод и толкување на совети и информации за нивните законски права, како и правна помош за време на кривичната или друга постапка во која жртвата на трговија со луѓе ги остварува своите права утврдени со закон. Жртвата на трговија со луѓе на јазик што може да го разбере се известува за правото на образование, за соодветните судски или управни постапки, како и за остварување на правото на азил, за можностите и постапката за нивно враќање во државата чии државјани се или во која имале законски престој пред нивното влегување на територијата на Република Северна Македонија, како и за условите за издавање дозвола за привремен престој во Република Северна Македонија.

Ваквото законско решение не се осврнува на прашањето за покривање на трошоците на правната помош која би ја добила жртвата, ниту е јасно дали истата ќе биде дадена во форма на совет или застапување од адвокат. Просторот кој се остава за толкување е неповолен за ЖТЛ странци, земајќи ја предвид нивната ранливост и неопходноста од адвокат во постапките. Законот за странци е единствениот закон кој во себе треба детално да ги инкорпорира правата на сите странци, вклучувајќи ги и ЖТЛ странци во земјата. Оттаму потребно е и допрецизирање на одредбите и објаснување на начинот на покривање на трошоците и во кои случаи тоа би било на товар на буџетот на државата.

*Правна помош и советување во најрана фаза*

ЖТЛ може да добие правна помош и советување во најрана фаза, уште за време на нејзината прелиминарна идентификација, кога станува збор за претпоставена ЖТЛ, преку претставниците на здруженијата на граѓани во мобилните тимови. Тоа го уредува и Законот за бесплатна правна помош кој предвидува два вида на бесплатна правна помош, односно примарна правна помош која може да се добие од овластено службено лице на МП, овластеното здружение и правната клиника. Право на примарна правна помош имаат сите физички лица кои имаат живеалиште или престојувалиште на територија на Република Северна Македонија, а таа опфаќа покрај другото и општ правен совет, помош при пополнување на формулари издадени од управен орган и други дејствија кои се поврзани со заштита на правата и слободите на корисниците. Оттука произлегува дека и покрај тоа што не се наведени како корисници на примарна правна помош, претпоставените ЖТЛ можат да добијат првичен правен совет и информација во однос на нивните права во кривичната постапка.

[50] Закон за правда на децата, Службен весник број 66/2024, Член 94

[51]Закон за странци, Службен весник број 97/2018, 108/2019, 294/2021 и 284/2023

Жртви на трговија со луѓе-странци не се опфатени со овој член, но со оглед на тоа што Законот за странци предвидува одмор и рефлексија на жртвата и дозвола за престој по основ на хуманитарни причини и тие можат да бидат корисници на примарна правна помош. Согласно ЗБПП, нема правни пречки и во натамошниот период примарната правната помош која се состои во правно советување на претпоставената ЖТЛ во однос на нејзините права, да биде обезбедувана од страна на овластено службено лице на МП, овластеното здружение или правната клиника, односно од страна на мобилните тимови.

Другиот начин преку кои претпоставените ЖТЛ добиваат правен совет во најраната фаза на постапката е веднаш по нивното сместување во Центар за лица жртви на трговија со луѓе, при што адвокатот е обезбеден од фондови на невладина организација.

*БПП за имотно-правно побарување во граѓански спор*

Кога со кривичната пресуда ЖТЛ е упатена да го остварува своето имотно-правно побарување во граѓански спор ќе се применуваат одредбите на Законот за бесплатна правна помош за секундарна правна помош со оглед на тоа што жртвата не е во можност да ги плати трошоците на постапката заради финансиската состојба, а нејзиното барање е оправдано. ЖТЛ која бара надомест на штета во граѓанска постапка, освен правото на бесплатен адвокат ќе биде ослободена и од судски такси и трошоци поврзани со постапката пред суд согласно закон, ослободување од трошоци за вештачењето и ослободување од административни такси. Ова е од големо значење за жртвите кои поради тешката финансиска состојба и покрај тоа што со кривичната пресуда се упатени на граѓански спор, поради трошоците не се одлучуваат да ја продолжат постапката.

*БПП за компензација во управна постапка*

Досегашната пракса покажа дека и покрај законските можности за обештетување на жртвите на трговија со луѓе во кривична и граѓанска постапка истото беше неефикасно и неспроведливо во пракса за жртвите. Токму ова е главната причина за неопходноста за донесување на Законот за исплата на паричен надоместок на жртви од кривични дела со насилство[52].

Согласно овај закон жртвите имаат право на примарна правна помош за пополнување на образецот на барањето и останатата документација које е потребно да се достави до Комисијата за надоместок на жртви од кривично дело со насилство. Жртвите имаат право и на секундарна правна помош и застапување од страна на адвокат во управен спор доколку нивното барање за надомест е одбиено и сакаат да го оспорат пред Управниот суд.

## КОМПАРАТИВНА АНАЛИЗА НА СИСТЕМИТЕ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА БЕСПЛАТНА ПРАВНА ПОМОШ

Повеќето од земјите во Европа се соочуваат со предизвици во спроведувањето на системите за бесплатна правна помош. Во некои од земјите предизвиците се поврзани со недостаток од доволно финансиски ресурси и специјализирани лица, додека други земји се соочуваат со нејасни законски одреби кои во пракса не може во целост да се спроведат.

[52] Закон за исплата на паричен надоместок на жртви од кривични дела со насилство, Службен весник број 247/2022

Во извештајот на УНИЦЕФ за пристап до правда на децата во Западен Балкан[53] е наведено дека за некои групи деца, како оние кои се изложени на сиромаштија, децата со попреченост, децата кои припаѓаат на малцинствата, слабостите на системот во однос на пристапот на овие деца до правда се влошуваат. Тие наидуваат на поголеми бариери при пристапот до правдата, вклучувајќи **недостаток на бесплатна правна помош**, физички бариери при пристапот до судските згради, јазични бариери, стигма и дискриминација и недостаток на ресурси и информации за да бараат правни лекови за прекршување на нивните права. Што се однесува до децата жртви и сведоци на криминал, тие имаат помала заштита на нивните права во кривичните судски постапки и се соочуваат со ризик од секундарна виктимизација и трауматизација во правосудниот систем. Клучните прашања кои се однесуваат на овие деца вклучуваат: i. правните системи во некои земји сè уште не се целосно усогласени со меѓународните стандарди; ii. некои иницијативи, на пр., постапките кои треба да бидат наменети за деца се уште не се видливи или стандардизирани.

Од натамошниот преглед на праксата во земјите кои се прикажани може да се идентификуваат одредени добри пракси како и слабости на системите.

*Опсег на бесплатна правна помош за жртвите на трговија со луѓе согласно законите за БПП и законите кои ја уредувааат Кривичната постапка*

Дел од земјите кои беа предмет на компаративната анализа имаат сеопфатен пристап во однос на категориите на лица кои имаат право на бесплатна правна помош.[54] Во **Албанија**[55], **Холандија**[56] **и Ирска**, се обезбедува пристап до БПП без оглед на националноста на жртвите, нивниот имиграциски статус или пак финансиската состојба. Во **Словенија** слично со законодавството во **Северна Македонија**, право на бесплатна правна помош имаат граѓаните додека во однос на странските државјани пристапот до БПП се однесува на странците со регулиран постојан или привремен престој.

Повеќето од властите во земјите во Европа имаат тесна соработка со здруженија на граѓани кои обезбедуваат услуги за жртвите на трговија со луѓе, вклучувајќи и правна помош. Оваа соработка во повеќето земји е формализирана и специјализирани здруженија на граѓани се дел од системот за обезбедување на државно финансирана правна помош. Во **Швајцарија**, **Холандија, Ирска** полицијата има обврска да контактира специјализирано здружение на граѓани кое обезбедува услуги за ЖТЛ во случаите кога има сомневање дека се работи за ЖТЛ.[57]

**Холандија** нуди државно финансирана правна помош на жртвите на трговија со луѓе преку нивниот Legal Aid Board (LAB).[58] Овие апликации се процесирани во итна постапка, а адвокатите добиваат

---

[53] EQUITABLE ACCESS TO JUSTICE FOR CHILDREN IN THE WESTERN BALKANS-A SUB-REGIONAL AGENDA, UNUCEF, October 2021, види повеќе на: https://www.unicef.org/eca/sites/unicef.org.eca/files/2022-09/UNICEF_discussion%20paper%20-designed.pdf

[54] БПП согласно закон за бесплатна правна помош

[55] Greta Third evaluation round Albania, стр. 16 види повеќе на: https://rm.coe.int/greta-2020-09-fgr-alb-en/1680a0b84f

[56] GRETA Third evaluation report in Netherlands, види повеќе на:: https://rm.coe.int/greta-evaluation-report-on-the-netherlands-third-evaluation-round-focu/1680ad38f2

[57] Refferal of and assistance for victims of THB in Europe, види повеќе на: http://www.ravot-eur.eu/en/transnational-referral-mechanism

[58] The Raad voor Rechtsbijstand (Legal Aid Board) is an independent governing body with a public task. It was instituted by the Minister of Security and Justice, види повеќе на: https://www.rvr.org/english/

сертификат кој им дозволува да ги застапуваат жртвите во различни постапки, вклучувајќи регулирање на престој во државата како и барања за компензација.[59]

Во **Србија** со цел остварување на правото на бесплатна правна помош на локално ниво, жртвите мора да поднесат писмено барање во кое е доволно да се наведе дека припаѓаат на некоја ранлива категорија на лица.[60] Според системот за бесплатна правна помош во **Србија**, невладините организации може да ангажираат адвокати кои ќе ги застапуваат жртвите на трговија со луѓе. Трошоците за овој вид на застапување не се покриваат од страна на државниот буџет. Од друга страна, трошоците за правна помош која се обезбедува од локалниот сервис за бесплатна правна помош се покрива заеднички од страна на општинскиот буџет и државниот буџет.[61]

**Ирската** полициска сила, Гарда Шиохана, обично директно контактира со Legal Aid Board (LAB)[62] (Советот) кога идентификува потенцијална жртва. Потоа Советот контактира со жртвата користејќи ги информациите обезбедени од полицијата. Дополнително може да ангажираат и здружение на граѓани кое ќе ги застапува во кривичната постапка, но само доколку тие се регистрирани како правни застапници во Law Society of Ireland. Доколку не се регистрирани, тие сепак можат да бидат присутни на суд, но само како емоционална и советодавна поддршка на жртвата.

Кога се работи за обезбедување на БПП согласно законите за кривична постапка нема ограничувања во однос на националноста на жртвите како и нивниот имиграциски статус.

Во **Холандија** за време на иницијалниот разговор со надлежните институции не се обезбедува правна помош на жртвите, дури откако жртвата ќе биде потврдена како претпоставена жртва има право да добие правен застапник.[63] Организацијата CoMensha (Националниот координативен центар против трговија со луѓе) е надлежна за регистрирање на сите претпоставени жртви во **Холандија**.[64]

Во **Босна и Херцеговина** сите жртви кои се дел од кривичната постапка против сторителите на кривично дело трговија со луѓе како сведоци или жртви имаат право на правен застапник. Имајќи предвид дека жртвата не е странка во постапката, сите дејствија кои можат да бидат преземени од страна на правниот застапник се ограничени на обезбедување правен совет поврзан со сведочењето на жртвата и барањето за надомест на штета. Како исклучок на ова правило има во Законот за кривична постапка на **Република Српска** согласно последните измени од 2021[ва] година со која се дозволува жртвите со помош на правниот застапник да предлага и презентира докази. Се уште нема пракса поврзана со овие измени на законот за кривична постапка на **Република Српска**.[65]

---

[59] GRETA Third evaluation report in Netherlands, види повеќе на: https://rm.coe.int/greta-evaluation-report-on-the-netherlands-third-evaluation-round-focu/1680ad38f2

[60] GRETA Third evaluation report Serbia, стр. 18, види повеќе на: https://rm.coe.int/greta-evaluation-report-on-serbia-3rd-evaluation-round-greta-2023-09-a/1680ab9bc6 accessed on 25.02.2024

[61] Закон за бесплатна правна помош, Член 39. ГРЕТА беше информираа дека адвокатите кои даваат бесплатна правна помош согласно Закоот за бесплатна правна помош се платени 50% од редовната адвокатска тарифа.

[62] Legal aid board Ireland, види повеќе на: https://www.legalaidboard.ie/en/

[63] Сите лица за кои постои “најмала индиција” дека е можно да е ЖТЛ се регистрираат како претпоставени жртви во Холандија.

[64] CoMensha the National Coordination Centre against Human Trafficking види повеќе на:: https://www.comensha.nl/english/

[65] Greta third evaluation report Bosnia and Herzegovina, стр. 17 види повеќе на: https://rm.coe.int/greta-evaluation-report-bosnia-and-herzegovina-3rd-evaluation-round/1680a70b3b accessed on 24.02.2024

Во **Ирска** услугите кои се обезбедуваат преку Legal Aid Board (LAB)[66] на претпоставени жртви на трговија со луѓе се ограничени на правни совети и информации и не се прошируваат во правно застапување во кривични или граѓански постапки. Процедурално жртвите на трговија со луѓе во кривичните постапки можат да се вклучат единствено во својство на сведоци, доколку истите се повикани од страна на обвинителот или бранителот. Во случаите кога жртвите одлучуваат да пријават кривично дело (за време на првичната пријава или за време на сослушувањето), жртвите имаат право со себе да повикаат и лице кое тие ќе го изберат кое ќе биде таму со нив за нивна поддршка. Ако претпоставената жртва бара азил, LAB може да нуди бесплатни правни совети и застапување во врска со апликацијата, но се бара допринос од 10 евра за нивните услуги. [67]

Во **Германија**, возрасните жртви на кривични дела имаат право на бесплатна правна помош доколку за кривичното дело е предвидена казна затвор од најмалку една година согласно германскиот законот за кривична постапка. За децата жртви на кривични дела бесплатната правна помош е исто така предвидена во законот за кривична постапка. Адвокатот може да ја застапува жртвата за време на истрагата.[68]

*Трошоци за жртвата*

Во **Албанија** согласно законодавството жртвата е изземена од плаќање на било какви судски трошоци и трошоци за поднесување на тужба што произлегува од статусот на жртва на кривично дело. Со цел да го оствари ова право, жртвата е должна да поднесе барање за да биде изземена од судски трошоци во исто време со поднесување на тужбатата.[69] Во **Обединетото Кралство** и други земји доколку приходите или капиталот на едно лице се над некој определен праг, тие можеби ќе треба да направат придонес за трошоците на правната помош која ја добиваат.

*Регистар на адвокати*

Секоја година **Албанската адвокатска комора** (LEG) подготвува листа на адвокати за обезбедување на бесплатна правна помош и истата ја доставува до Министерството за правда. Албанската адвокатска комора води грижа да има вклученост на адвокати со експертиза од сите области како и родова застапеност.

Во **Босна и Херцеговина** бесплатната правна помош е обезбена од страна на центрите за бесплатна правна помош како и било кој адвокат кој што е член на Адвокатската комора во согласност со законите за бесплатна правна помош на различни нивоа во БиХ.

Во **Обединетото Кралство** правната помош е достапна преку давателите кои имаат договор со Агенцијата за правна помош (LAA).[70]

---

[66] Legal aid board Ireland, види повеќе на: https://www.legalaidboard.ie/en/

[67] GRETA Third evaluation report Ireland види повеќе на: https://rm.coe.int/greta-third-evalution-report-on-ireland/1680a84332

[68] GRETA evaluation report Germany available at: https://rm.coe.int/greta-2019-07-fgr-deu-en/1680950011

[69] Legal Assistance for Victims of Tracking Across Europe, Renate Foundation стр. 23 види повеќе на: https://www.renate-europe.net/wp-content/themes/renate/Final%20Report_LegalAidEurope%20FINAL%201%20korrik.pdf

[70] UK Legal Aid agency, види повеќе на: https://www.gov.uk/government/organisations/legal-aid-agency

Во **Ирска** жртвите може да ангажираат и здружение на граѓани кое ќе ги застапува во кривичната постапка, но само доколку здружението е регистрирано како правен застапник во Law Society of Ireland.[71]

**Холандија** нуди државно финансирана правна помош на жртвите на трговија со луѓе преку нивниот **Legal Aid Board (LAB)**.[72] Жртвите имаат право да изберат адвокат од листата на адвокати овластени од страна на LAB. Овие апликации се процесирани во итна постапка, а адвокатите добиваат сертификат кој им дозволува да ги застапуваат жртвите во различни постапки, вклучувајќи регулирање на престој во државата и барања за компензација.

## ЗАКЛУЧОЦИ

Во националното законодавство има одредби во три клучни закони кои го регулираат правото на правна помош на жртвата кои вклучуваат и одредби за бесплатна правна помош. Сепак недостигаат јасни одредби во врска со **условите за остварување на правото на бесплатна правна помош**. Од една страна во Коментарот на Законот за кривичната постапка е наведено дека од особена важност е трошоците за советникот, односно полномошникот да не бидат на товар на самата жртва, со цел да се одбегне нееднаквиот статус на жртвите во зависност од нивната финансиска состојба. Но од друга страна, не се јасни одредбите и во ЗКП и во Законот за правда за децата кога зборуваме за случаите кога и како бесплатната правна помош би станала достапна за жртвите на трговија со луѓе.

Генерално, не е јасно кој модел сме го прифатиле, дали оној според кој жртвите на трговија со луѓе се стекнуваат со бесплатна правна помош на товар на буџетот со самиот статус на жртва кои го имаат или и тие подлежат на проценка на имотната состојба како и останатите лица. Сепак, од анализата произлегува дека преовладува вториот пристап, односно моделот со проценка на нивната имотна состојба. Нејасно е зошто во ЗКП се споменува терминот бесплатен советник и полномошник, а во Законот за правда за децата не се ни споменува бесплатната правна помош за деца жртви. Секако дека одредбите од ЗКП се применуваат и за децата, но генерално впечатокот е дека една од причините за нефункционалноста на целиот систем за бесплатна правна помош е токму тоа што не е јасно кој од трите закони треба да се примени.

Конценцијата на Советот на Европа за акција против трговијата со луѓе им налага на државите членки во своето национално законодавство да донесат одредби кои ќе ја регулираат бесплатната правна помош за жртвите и условите под кои истата може да се добие.

Од анализата на одредбите, во однос на условите за пристап до бесплатната правна помош, во ЗКП, оставено е на проценка на органот што ја води постапката, а во ЗПД за дете во ризик (жртва на насилство) предвидени се услови како минимални примања на родителот и старателот. Единствено, доколку старател на жртвата е лице вработено во ЦСР, во тој случај таа би добила бесплатен адвокат, без проценка на имотната состојба. Согласно Законот за правда за децата, услов за остварување на правото на бесплатна правна помош за дете во ризик (жртва на насилство) во постапката пред ЦСР, е родителите, односно старателот на детето да достави/ат *потврда* до ЦСР дека не остварува/ат вкупни месечни приходи поголеми од последната објавена просечна нето плата во Република Северна Македонија.

---

[71] Law Society of Ireland, види повеќе на: https://www.lawsociety.ie/

[72] The Raad voor Rechtsbijstand (Legal Aid Board) е независно регулативно тело сп јавна задача, организирано од Министерството за безбедност и правда, види повеќе на: https://www.rvr.org/english/

Во Законот за бесплатна правна помош, жртвата е ослободена од административни трошоци и такси, како и од трошоците за вештачење, а и последните барања за секундарна правна помош се одобрени без трошоци за жртвата за адвокат, бидејќи жртвите биле сместени во згрижувачко семејство.

Од друга страна. и адвокатските трошоци за овие кривични дела се високи, па и кога се одобрува бесплатната правна помош, таа би требало да биде за определени дејствија кога адвокатот е навистина потребен во постапката.

Потребна е стручна дискусија во однос на условите и постапката за добивање на бесплатна правна помош за жртвите согласно ЗКП и новиот Закон за правда на децата за да се разјаснат прашањата кои произлегуваат од оваа анализа.

И праксата од регионот и земјите на Европската Унија покажува дека државите пристапиле кон различни модели на решавање на ова прашање. Има модели кои предвидуваат одобрување на бесплатна правна помош по основ на статусот на жртва како и модели според кои жртвата треба да плати определен придонес за правната помош доколку имотот и надминува утврдена граница.

Во Република Северна Македонија постои регистар на адвокати кои се регистрирани за БПП при Министерството за правда, но не постои посебен регистар на адвокати за работа со ранливи категории на лица или поконкретно со жртви на кривични дела и трговија со луѓе, ниту постапка за начинот на кои ќе се назначуваат адвокатите за ЖТЛ. Единствено постои регистар на лиценцирани адвокати кои посетиле обуки за права на детето и детско престапништво, согласно Законот за правда на децата. Ваквиот пример треба да да се следи и за возрасните жртви на кривични дела вклучувајќи ги и жртвите на трговија со луѓе.

Во регионот и пошироко, праксата е да се вклучуваат специјализирани граѓански здруженија кои во некои држави и доделуваат статус на жртвата, ја застапуваат жртвата во постапката под определени услови. И во регионот се настојува правната помош да се обезбедува од страна на адвокати кои се специјализирани да работат со жртви.

## Препораки

- Да се воспостави систем на бесплатна правна помош кој ќе содржи јасни одредби за условите и постапката за определување на адвокат за возрасни и за деца жртви.
- Да се донесат подзаконски акти (протоколи/насоки) помеѓу институциите преку кои ќе се подобри пристапот на жртвите до бесплатната правна помош, а ќе се утврдат чекори за назначување на адвокат за жртвата во сите фази на постапката.
- Да се развиваат програми за обука и специјализација на адвокати кои ќе работат со жртви преку тесна соработка со Адвокатската Комора.

**Препораки за институциите преку кои ќе се олесни пристапот на жртвите до бесплатна правна помош**

**За полнолетни жртви**

- Согласно Законот за кривичната постапка, органот што ја води постапката (се претпоставува дека тоа е МВР, ОЈОГОКК или Кривичниот суд) во соработка со органите, установите и организациите за помош и поддршка на жртвите на кривичните дела да спроведе индивидуална процена [73]за жртвата за да утврди дали да определи полномошник на товар на државниот буџетот.

**За деца жртви**

- Законот за правда на децата иако генерално ја зајакнува заштитата на децата во правниот систем, сепак нецелосно го уредува прашањето за бесплатната правна помош на децата жртви на трговија со луѓе. Потребни се измени и дополнувања на законот и јасно регулирање на бесплатната правна помош на децата ЖТЛ, како и обврската на сите институции во однос на назначување на адвокатот, како што тоа е направено за децата во судир со законот.
- Согласно Законот за правда за децата, за време на разговорот со детето во ризик, ЦСР за социјална работа да определи адвокатот без разлика на возраста, доколку постои загрозеност на личноста, правата и интересите на детето.
- Детето жртва има право на адвокат на товар на буџетот на ЦСР, доколку старателот за детето жртва е поставен по службена должност, односно старателот е лице вработено во ЦСР.
- Во постапката пред МВР, ОЈО и судската постапка, кога станува збор за дете, се претпоставува дека адвокатот е веќе назначен од страна на ЦСР и истиот ќе биде присутен. Во ситуациите кога ЦСР нема да определи адвокат, ќе се применува одредбата од ЗКП според која органот кој ја води постапката ќе определи адвокат за жртвата-дете, бидејќи станува збор за посебно ранлива категорија. Во тој случај МВР, ОЈО или Судот, ќе ја поучи жртвата за своите права во присуство на родител или старател и ќе определи адвокат на товар на државата, односно на товар на буџетот на Министерството за внатрешни работи/Јавното обвинителство/Судот на Република Северна Македонија.

**За примена на Законот за бесплатна правна помош**

- Согласно сегашните одредби во Законот за бесплатна правна помош, ЖТЛ имаат право на бесплатна правна помош која произлегува од членот 49 во преодните и завршни одредби, со кој членот 8 од претходниот закон останува во сила. Сепак, ваквото решение не треба да биде долгорочно и потребни се измени и дополнувања во ЗБПП за да се избегнат различни толкувања и пракса.
- Позитивно е тоа што има одобрени барања за секундарна правна помош од Министерството за правда, кое е од исклучителна важност за итна заштита на правата на жртвите на трговија со луѓе. Сепак, примената на одредбите на Законот за бесплатна правна помош треба да бидат исклучок, заради итност на постапката и заштита на жртвата кога не може во пракса да се оствари ова право согласно одредбите во ЗКП и ЗПД. Министерството за правда треба да биде и понатаму сензибилизирано за овие предмети.

[73] Нема пречка органот кој ја води постапката да побара индивидуална проценка, за да оцени дали да определи адвокат за жртвата

- Одобрената секундарна правна помош не треба да се однесува на целата кривична постапка, туку само за постапката пред определен орган (пред ЦСР, МВР, ОЈО или судско рочиште) и додека има потреба, заради заштита на интересите на жртвата.

**Заклучоци и препораки од компаративната анализа кои може да послужат како добри пракси за унапредување на системот за бесплатна правна помош за жртви на трговија со луѓе**

- Пристап до бесплатна правна помош без оглед на националноста на жртвите, нивниот имиграциски статус или пак финансиска состојба. (Албанија, Холандија, Ирска)
- Обврска на полицијата да контактира специјализирано здружение на граѓани кое обезбедува услуги за ЖТЛ во случаите кога има сомневање дека се работи за ЖТЛ. (Швајцарија, Холандија, Ирска)
- Законот за бесплатна правна помош предвидува апликациите да се процесираат во итна постапка, а адвокатите да добиваат сертификат кој им дозволува да ги застапуваат жртвите во различни постапки вклучувајќи регулирање на престој во државата како и барања за компензација. (Холандија)
- Општините предвидуваат буџет за бесплатна правна помош на ранливи категории вклучително и жртви на трговија со луѓе. (Србија)
- Здруженија на граѓани под определени услови може да застапуваат жртви во кривичната постапка. Доколку не се регистрирани, тие повторно можат да бидат присутни на суд, но само како емоционална и советодавна поддршка на жртвата. (Ирска)
- Специјализирано здружение на граѓани е надлежно за водење на евиденција и доделување на статус на сите претпоставени жртви. По добивање на тој статус жртвите имаат право да користат правна помош. (Холандија)
- Жртвите со помош на правниот застапник имаат можност да предлагаат и презентираат докази во кривичната постапка. (Р. Српска, БИХ)
- Во случаите кога жртвите одлучуваат да пријават кривично дело (за време на првичната пријава или за време на сослушувањето), жртвите имаат право со себе да повикаат и лице кое тие ќе го изберат кое ќе биде таму со нив за нивна поддршка. (Ирска)
- Адвокатот може да ја застапува жртвата за време на истрагата. (Германија)
- Жртвата е изземена од плаќање на било какви судски трошоци и трошоци за поднесување на тужба што произлегува од статусот на жртва на кривично дело. Со цел да го оствари ова право жртвата е должна да поднесе барање за да биде изземена од судски трошоци во исто време со поднесување на тужбата. (Албанија)
- Доколку приходите или капиталот на едно лице се над некој определен праг, тие можеби ќе треба да направат придонес за трошоците на правната помош која ја добиваат. (Велика Британија)
- Секоја година адвокатската комора подготвува листа на адвокати за обезбедување на бесплатна правна помош и истата ја доставува до Министерството за правда. Адвокатска комора води грижа да има вклученост на адвокати со експертиза од сите области како и родова застапеност. (Албанија)

## Библиографија


- Закон за правда на децата, Службен весник бр. 66/2024
- Закон за правда на децата, Службен весник на број 148/13 и број 152/19 и 275/19
- Закон за кривичната постапка, Службен весник бр. 150/2010, 100/12, 142/16 и 198/2018
- Предлог закон за кривичната постапка(Известување за процесот на почеток на подготовка на Предлог закон за кривична постапка на 13.11.2018)
- Закон за бесплатна правна помош, Службен весник бр. 101/2019
- Закон за бесплатна правна помош, Службен весник бр. 161/09 и 185/11
- Законот за исплата на паричен надоместок на жртви од кривични дела со насилство, Службен весник бр. 247/2022
- Закон за странци, Службен весник број 97/2018, 108/2019, 294/2021 и 284/2023
- Стандардни оперативни процедури за постапување со жртви на трговија со луѓе, 2023 година
- Годишен извештај на Националната комисија за борба против трговија со луѓе и илегална миграција 2018, види повеќе на: 34432.pdf (nacionalnakomisija.gov.mk)
- Годишен извештај на Националната комисија за борба против трговија со луѓе и илегална миграција 2019, види повеќе на: https://shorturl.at/qtEGR
- Годишен извештај на Националната комисија за борба против трговија со луѓе и илегална миграција 2020, види повеќе на: https://shorturl.at/kmA49
- Годишен извештај на Националната комисија за борба против трговија со луѓе и илегална миграција 2021, види повеќе на: https://shorturl.at/ckxT9
- Годишен извештај на Националната комисија за борба против трговија со луѓе и илегална миграција 2022, види повеќе на: https://shorturl.at/fmDU5
- Годишен извештај на Националната комисија за борба против трговија со луѓе и илегална миграција 2023
- Информација од јавен карактер, Основен кривичен суд Скопје, ПЈИ 08/2024, 20.02.2024
- Информација од јавен карактер, ОЈОГОКК Скопје
- Спроведено неформално интервју со претставници на мобилните тимови за рана идентификација на ЖТЛ
- Protocol to Prevent, Suppress and Punish Trafficking in Persons Especially Women and Children, supplementing the United Nations Convention against Transnational Organized Crime

- Проф. д-р Гордана Лажетиќ и Ирена Здравкова, Правата на жртвите на трговија со луѓе во судските постапки, Скопје јули 2020, види повеќе на: https://rm.coe.int/hf29-research-thb-mkd/16809f035d

- Совет на Европа, Насоки за ефикасност и ефективност на шемите за правна помош во областите на граѓанското и административното право CM(2021)36-add2final, види повеќе на: https://search.coe.int/cm/pages/result_details.aspx?objectid=0900001680a1a347

- Г. Калајџиев, Ф. Лажетиќ, Л. Неделкова, М. Денковска, М. Тромбева, Т. Витларов, П. Јанкуловска, Д. Кадиев, Коментар на Законот за кривичната постапка, ноември 2018, види повеќе на: https://old.jpacademy.gov.mk/wp56/wp-content/uploads/2021/02/1.-komentar-na-zakonot-za-krivicna-postapka.pdf?

- Greta Third evaluation round Albania, види повеќе на: https://rm.coe.int/greta-2020-09-fgr-alb-en/1680a0b84f

- GRETA Third evaluation report in Netherlands, види повеќе на: https://rm.coe.int/greta-evaluation-report-on-the-netherlands-third-evaluation-round-focu/1680ad38f2

- Refferal of and assistance for victims of THB in Europe, види повеќе на: http://www.ravot-eur.eu/en/transnational-referral-mechanism

- Трет извештај за евалуација на ГРЕТА за Република Северна Македонија, повеќе на: https://rm.coe.int/greta-evaluation-report-on-north-macedonia-third-evaluation-round/1680aaa573

- GRETA Third evaluation report Serbia, види повеќе на: https://rm.coe.int/greta-evaluation-report-on-serbia-3rd-evaluation-round-greta-2023-09-a/1680ab9bc6 accessed on 25.02.2024

- Legal aid board Ireland, види повеќе на: https://www.legalaidboard.ie/en/

- CoMensha the National Coordination Centre against Human Trafficking види повеќе на:: https://www.comensha.nl/english/

- Greta third evaluation report Bosnia and Herzegovina, види повеќе на: https://rm.coe.int/greta-evaluation-report-bosnia-and-herzegovina-3rd-evaluation-round/1680a70b3b accessed on 24.02.2024

- Legal aid board Ireland, види повеќе на: https://www.legalaidboard.ie/en/

- GRETA Third evaluation report Ireland види повеќе на: https://rm.coe.int/greta-third-evalution-report-on-ireland/1680a84332

- GRETA evaluation report Germany, види повеќе на: https://rm.coe.int/greta-2019-07-fgr-deu-en/1680950011

- Legal Assistance for Victims of Tracking Across Europe, Renate Foundation, види повеќе на: https://www.renate-europe.net/wp-content/themes/renate/Final%20Report_LegalAidEurope%20FINAL%201%20korrik.pdf

- UK Legal Aid agency, види повеќе на: https://www.gov.uk/government/organisations/legal-aid-agency
- Law society of Ireland, види повеќе на: https://www.lawsociety.ie/
- EQUITABLE ACCESS TO JUSTICE FOR CHILDREN IN THE WESTERN BALKANS-A SUB-REGIONAL AGENDA, UNUCEF, October 2021, види повеќе на: https://www.unicef.org/eca/sites/unicef.org.eca/files/2022-09/UNICEF_discussion%20paper%20-designed.pdf
- Guidelines of the Committee of Ministers of the Council of Europe on child friendly justice (Adopted by the Committee of Ministers on 17 November 2010 at the 1098th meeting of the Ministers' Deputies)

Истражувањето е изработено со финансиска поддршка на Европската унија и на Советот на Европа. Неговата содржина е единствена одговорност на авторите. Изразените ставови во никој случај не може да се сметаат дека го одразуваат официјалното мислење на Европската унија или на Советот на Европа.

Земјите членки на Европската Унија одлучија да ги поврзат своите знаења, ресурси и судбини. Заедно тие изградија зона на стабилност, демократија и одржлив развој, истовремено одржувајќи ја културната разновидност, толеранцијата и индивидуалните слободи. Европската Унија се залага за споделување на своите постигнувања и вредности со држави и народи и надвор од нејзините граници. www.europa.eu

www.coe.int

Советот на Европа е водечка организација за човековите права на континентот. Таа има 46 држави членки, вклучувајќи ги сите членки на Европската унија. Сите држави членки на Советот на Европа ја потпишаа Европската конвенција за човекови права, која претставува меѓународен договор за заштита на човековите права, демократијата и владеењето на правото. Европскиот суд за човекови права ја следи примената на оваа конвенцијата од страна на државите членки

**www.europa.eu**

Кофинансиран од Европската Унија

ЕВРОПСКА УНИЈА

COUNCIL OF EUROPE
CONSEIL DE L'EUROPE

Кофинансиран и имплементиран од Советот на Европа

ЕУ со ТЕБЕ